РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-24/4
15-11-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на ден 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-24/1 од 03.01.2024 година, оформен по пријава поднесена против ----------------------------- на Општина ----------------, со наводи за злоупотреба на службената должност и овластување, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуват наводите од пријавата.

Предметот со број 12-24/1 од 03.01.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 03.01.2024 година, поднесена е пријава против ----------------------- на Општина ---------------------. Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената должност и овластување при трошење на финансиските средства наменети за новогодишно украсување на Општина ------------------------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметниот случај, Државната комисија се обрати со барање за доставување на информации до Општина ------------------, од каде побара да се достави информација по однос на наводите од пријавата и да образложат во каква постапка било спроведено новогодишното украсување на Општина ------------------ и да ја достават целокупната документација по однос на потрошените финансиски средства, како и од кои извори се плаќале овие средства.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

На 28.05.2024 година, Општина ------------------ достави одговор до ДКСК заедно со целокупна документација за спроведената постапка за јавна набавка од ЈП -----------------------------.
Во одговорот на Општина ------------------ се наведува дека постапката за јавна набавка е реализирана од ЈП ---------------------- согласно договор со нивен број -----------/-- од 13.11.2023 година, поради која причина -------------------------- на Општина ----------------- не може да биде предмет на пријава за злоупотреба на службена должност и овластување при трошење на финансиски средства наменети за новогодишно украсување на Општина ---------------. Општина ------------------ информира дека во Буџетот на општината за 2023 година биле предвидени финансиски средства за новогодишно украсување и на ден 24.01.2023 година исплатила ------------------ денари на ЈП ------------------- за долг по договор за новогодишно украсување на Општина ----------------, а во дописот и прилог документацијата се дадени информации за сметките и контата од кои се префрлени средствата.

Управниот одбор на ЈП -----------------------, со Одлука бр.-------/-- од 17.01.2023 година го усвоил Планот за јавни набавки за 2023 година, каде во точка 2.14 биле предвидени финансиски средства за новогодишно украсување. Повторно Управниот одбор на ЈП --------------- донел Одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2023 година со бр.----------/- од 08.11.2023 година, каде точка 2.14 за „Новогодишно украсување“ се менува во однос на видот на постапката, и тоа од набавка од мала вредност во поедноставена отворена постапка и проценетата вредност на договорот се менува од ----------------- денари во --------------------- денари.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што не се потврдуват наводите на пријавата, имајќи предвид дека јавната набавка не е спроведена од општината и пријавеното лице не се појавува како одговорно лице на договорниот орган кој ја спровел постапката за јавна набавка. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk